## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 48 став 2 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.110/21) и точка 3 став 5 од Одлуката за задолжителната резерва („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.177/21), гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# ОДЛУКА
## за листа на дејности поддржани со мерки на Владата на Република Северна Македонија

1. Врз основа на јавно достапните информации за дејностите што се активно поддржани со мерки на Владата на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Владата), Народната банка на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка) ја утврди следната листа на дејности за примена на точка 3 од Одлуката за задолжителната резерва:

| **Шифра**, **согласно Национална класификација на дејности** | **Назив на дејност** |
|---|---|
| **Група 1** | |
| 55.1 | Хотели и слични објекти за сместување |
| 55.20 | Одморалишта и останати објекти за пократок престој |
| 56.1 | Ресторани и останати објекти за подготовка и послужување на храна |
| 56.29 | Останати услуги за подготвување и служење на храна |
| 56.30 | Подготовка и послужување на пијалаци |
| 79.11 | Дејности на туристичките агенции |
| 79.12 | Дејности на организаторите на патувања (туроператорите) |
| **Група 2** | |
| 59.20 | Снимање на звучни записи и издавање на музички записи |
| 60.10 | Емитување на радио програма |
| 60.20 | Дејности на телевизиската програма и емитување |
| 74.20 | Фотографски дејности |
| 79.90 | Услуги за давање помош на туристите |
| 82.30 | Организација на состаноци и деловни саеми |
| 90.01 | Изведувачка дејност |
| 93.13 | Објекти за фитнес |

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе се применува при пресметувањето на задолжителната резерва, започнувајќи од периодот којшто почнува на 15 септември 2021 година.

**Бр. 08-23518/1**
**04 август 2021 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**